Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 04-8297/2

07-12-2020 година

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16, и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, Министерот за здравство донесе

## ОДЛУКА
**за избор на 1 (еден) извршител – за унапредување по пат на интерен оглас 02/2020**

1. За извршител на работното место - Помлад соработник за Техничка поддршка и анализа на податоци, Сектор за нормативно-правни, управни работи и здравствено осигурување, Одделение за здравствено осигурување, со звање Помлад соработник, категорија В, ниво В4, шифра УПР 01 01 В04 000, во Министерството за здравство, по пат на интерниот оглас 02/2020 се избира **Мевљане Хајдари Јусуф.**

2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2020 со архивски бр.04-7946/10 од 02.12.2020 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По објавениот интерен оглас бр.02/2020 од 20.11.2020 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на Министерот за здравство со Решение бр.04-8297/1 од 30.11.2020 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник 04-7946/9 од 02.12.2020 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник 04-7946/10 од 02.12.2020 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас бр.02/2020, Министерот за здравство одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, Министерот за здравство носи решение за унапредување.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

**МИНИСТЕР,**

**Д-р Венко Филипче**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Подготвил: Елизабета Јанчева Трајкова

Одобрил: Нури Љамалари



Министерство за здравство на Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk